бр. 05-426/3
01.08 2016
СКОПЈЕ

**Комора на проценувачи на Република Македонија**
**Ул.„Македонија“ бр. 47/2, 1000 Скопје**
**Сметка бр. 300000003545580 Комерцијална банка**
**Даночен број: 4057013520328**
**Телефони: 072/251-407; 02 3151-477**
**e-mail: info@komoranaprocenuvaci.mk**
**web: www.komoranaprocenuvaci.mk**

Комисијата за ревизија на процена на недвижен имот формирана со решение број 03-427/1 од 22.06.2016 година од Комората на проценувачи на Република Македонија, разгледувајќи го барањето за ревизија доставено до Комората на проценувачи под број 03-426/1 на 21.07.2016 година од страна на А.Д Аеродроми Македонија Скопје, против овластениот проценувач ТП ПРОЦЕНИТЕЛ Стојкова Роза од Велес, на ден 26.07.2016 година, врз основа на член 40 став (1) од Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

Барањето за ревизија на проценка, доставено од страна на А.Д Аеродроми Македонија Скопје под бр. 03-426/1 на 21.07.2016 година за извршена процена изработена од овластениот проценувач ТП ПРОЦЕНИТЕЛ Стојкова Роза од Велес, СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

До Комората на проценувачи на Република Македонија, барателот А.Д Аеродроми Македонија Скопје, поднесе барање за ревизија на извршена процена во кое се наведува дека по нивно барање на 25.12.2015 година, овластениот проценувач ТП ПРОЦЕНИТЕЛ Стојкова Роза од Велес изготвил извештај за процена на подвижни предмети (заведен во архива на А.Д Аеродроми на 22.02.2016 година). Незадоволен од изработената процена (секој предмет е проценет за 1 денар), А.Д АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА повторно се обраќа до овластениот проценувач ТП ПРОЦЕНИТЕЛ Стојкова Роза од Велес за да направи проверка на процената бр.03-48/1 од 22.02.2016 година.
На 13.07.2016 година А.Д АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА од овластениот проценувач ТП ПРОЦЕНИТЕЛ Стојкова Роза од Велес, добива Корекција на процена на вредноста на подвижен имот заведена под арх.бр.03-48/5 од 13.07.2016 година, во која проценетата вредност е драстично повисока, и споредбено двете прценки се разликуваат во бројот на парчиња. Според подносителот на барањето, неправилно се применети методологиите и стандардите на процена и несоодветен е бројот на проценети предмети во однос на бројт на предмети за кои е побарана процена, што е основ за негово сомневање во веродостојноста на истата.

Комисијата по разгледувањето на приложената документација констатира дека:

- Првата Процена на вредност на подвижен имот бр.03-48/1 од 22.02.2016 година за АД за аеродромски услуги АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје, законскиот рок за жалба од 8 дена е изминат, односно поднесеното Барање за ревизија на Првата Процена не може да биде предмет на ревизија од Комисијата за ревизија.
- Во однос на Втората процена, односно Корегираната процена на вредност на подвижниот имот на АД за аеродромски услуги АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје под бр.03-48/5 од 13.07.2016 година, согласно член 2 од Законот за процена, Комисијата не може да се произнесе. Бидејќи во точка 2 од членот 2 од Законот за процена, за значењето на изразот –„Ревизија на процена" се наведува дека може да се изврши ревизија на процена, односно се врши проверка на веќе изготвена процена од овластен проценувач под услови и на начин предвидени со овој закон,согласно ова Законот за процена не познава ниту поим ниту документ- корегирана процена.

Врз основа горенаведеното Комисијата за ревизија на процена на подвижен имот се прогласи за ненадлежна да врши ревизија на корегирана процена и Барањето за ревизија да се одбие.

Согласно член 40 став 6 од Законот за процена Комисијата за ревизија утврди дека трошоците за ревизија се на товар на подносителот на барањето

**Претседател на Комисија за ревизија
на проценатa на подвижен имот**

Жарко Младеноски

КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *